**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

# Известување за концентрација со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, Словенија и 17207646 КАНАДА ИНК, Канада ќе стекнат задничка контрола над АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о., Словенија, МЕРКУР трговија, д.о.о.,Словенија и МЕРКУР енергија, енергетски решенија, д.о.о. Словенија.

**(предмет бр.08-144/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и 17207646 КАНАДА ИНК, со регистрирано седиште на Суит М3400, 1000 де Ла Гошетиер, Монтреал, КЦ Х3б 0А2, Канада имаат намера да стекнат заедничка контрола над АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, МЕРКУР трговија, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Република Словенија и над МЕРКУР енергија, енергетски решенија, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Република Словенија.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о управува со алтернативни инвестициски фондови и е регистрирано во Агенцијата за пазари за хартии од вредност на Словенија.

АЛФИ групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и средства, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ групата врши анализа на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.

Во својата поширока структура, АЛФИ групата го има следново регистрирано зависно друштво во Северна Македонија:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр.13, Гази Баба, Скопје, активно во трговија на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детска галантерија и детски текстил.

17207646 КАНАДА ИНК ***друштвото*** е канадско друштво основано на 1 август 2025 година, со регистрирана деловна активност „активности на холдинг друштва” под код САЕ 7215.

17207646 КАНАДА ИНК друштвото сѐ уште не е вклучено во било какви комерцијални или оперативни активности. Неговата единствена цел е да учествува во Предложената

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

трансакција и да ги врши правата на управување над Целната група.

Ниту 17207646 КАНАДА ИНК друштвото ниту било кој од неговите поврзани субјекти моментално не се присутни во Република Северна Македонија, ниту пак остваруваат промет или вршат какви било деловни активности во Северна Македонија.

Пред Предложената трансакција, ***АЛФИ М1***, ***МЕРКУР трговија*** и ***МЕРКУР енергија*** се во целосна сопственост и под целосно контрола на АЛФИ групата. Поконкретно, АЛФИ е единствениот содружник на АЛФИ М1, кое пак е единствен содружник на МЕРКУР трговија, кое е единствен содружник на МЕРКУР енергија, енергетски решенија.

***АЛФИ М1*** е холдинг друштво, чија главна активност е сопственост на уделот во МЕРКУР трговија.

***МЕРКУР трговија*** првенствено се занимава со малопродажба преку специјализирани продавници, односно со малопродажба на направи сам (DIY) производи за домаќинства и непрофесионални корисници, како што се шрафови, бои, заштитни премази, како и со продажба на апарати за домаќинство, кои ги продава во Меркур центрите низ Словенија.

***МЕРКУР енергија***. енергетски решенија се занимава главно со производи и услуги поврзани со соларни панели, топлински пумпи, батерии, системи за складирање на батерии, вентилациски системи, полначи за електрични автомобили - кои ги нудат и на физички лица и на комерцијални клиенти, со фокус на помагање на клиентите со цел намалување на трошоците за енергија, достигнување на енергетска независност и поддршка на еколошката одржливост преку обновливи технологии и ефикасни системи.

Целната група нема регистрирано зависни друштва во Северна Македонија; сепак, има остварено мал промет во 2024 година преку продажби на големо кон франшизата во Северна Македонија, која ја управува друштво кое не е поврзано со Целната група – МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, од кои мнозинството се продажби на градинарски и технички производи.

Имајќи ги предвид деловните активности и реализираните продажби од страна на Целната група на македонскиот пазар, подносителот на известувањето предлага како релевантните пазари на стоки за предметната концентрација да се дефинираат како:

— ***пазар за продажба на големо на направи сам (DIY) производи и производи за домаќинство за домаќинство и непрофесионални корисници***; *и*

— ***пазар за продажба на големо на електроника и уреди***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** **www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

Скопје

10.10.2025 година